КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02 - 174/12
24.02. 20 18 год.
СКОПЈЕ



број: 02-174/12
дата: 24.2.2018

Врз основа на членот 109 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија" бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 30/2016, 31/2016 ,71/2016 и 132/2016) и член 12 став (1) точка 6 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Собранието на Комората на 24.2.2018 година донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО НА КОМОРАТА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Член 1

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на член 16 став (1) од Деловникот за работа на Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, и сега тој гласи:

*Предлог дневниот ред за седницата на Собранието на Комората го доставува Претседавачот на Собранието на Комората. Управниот одбор на Комората може да поднесе предлог дневен ред до Претседавачот на Собранието на Комората.*

Член 2

Оваа измена влегува во сила во рок од осум дена од денот на нејзиното донесување.

Член 3

Службите на Комората да изготват пречистен текст на деловникот во рок од 30 дена од донесувањето на одлуката.

Член 4

Одлуката да се достави до членовите на Собранието, Управниот одбор и службите на Комората.

Претседавач на Собранието

Проф. д-р Миле Станковски

број: 02-174/13
дата: 24.2.2018

Врз основа на членот 109 од Законот за градење Законот за градење „Службен весник на Република Македонија" бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 30/2016, 31/2016 ,71/2016 и 132/2016) и член 12 (1) точка 6 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Собранието на Комората на 24.2.2018 година донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО НА КОМОРАТА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Член 1

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на член 14 став (1) од Деловникот за работа на Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, при што се бришат зборовите *"доставените полномошна"* и сега тој гласи:

*Пред почетокот на седницата на Собранието на Комората, членовите се евидентираат со потпишување во списокот на присутни што го води записничар што се бира од стручната служба на Комората. Врз основа на евиденцијата, Претседавачот на собранието го утврдува кворумот за работа и одлучување по точките од дневниот ред на седницата.*

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на член 23 став (3) од Деловникот за работа на Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, и сега тој гласи:

*Член на Собранието на Комората своето право за работа во собранието на комората го остварува лично, без право да се користи полномошно.*

Со оваа одлука се врши измена и дополнување и на член 25 став (4) од деловникот за работа на собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, при што се брише последната реченица од ставот, и сега тој гласи

*На членовите на Собранието на Комората по список им се предаваат гласачките ливчиња. Членот на Собранието на Комората може да гласа само со едно гласачко ливче и тоа само еднаш. Се гласа со заокружување на редниот број пред презимето и името пред кандидатот за кој се гласа.*

Член 2

Оваа одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на нејзиното донесување

Член 3

Службите на Комората да изготват пречистен текст на деловникот во рок од 30 дена од донесувањето на одлуката.

Член 4

Одлуката да се достави до членовите на Собранието, Управниот одбор и службите на Комората.

Претседавач на Собранието

Проф. д-р Миле Станковски